СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
13.03., 2026
**АРХИВСКИ БРОЈ 04** -2925/27

Врз основа на Член 22 став (1) алинеја (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 143/2019 , 14/2020 и 208/24), Член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021 ,288/2021 , 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и Член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 02/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 , 99/2022 и 208/2024) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител кандидат за вработување на определено време**

1. За работното место број **9. УПР0101В04000 Помлад соработник за евиденции на прекршочни постапки-Одделение за прекршочна постапка-Сектор за прекршоци** при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **ДАНИЕЛА МАЛИНОВСКА.**
2. Именуваниот-ата ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на одлуката, за што Министерот ќе донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време до 30.06.2026 година формирана со Решение број 04-2925/15 од 10.03.2026 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време број 01/2026 објавен на 06.03.2026 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха за горенаведеното работното место спроведе селекција и интервју за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас број 01/2026 за вработување на определено време број 04-2925/16 од 11.03.2026 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 01/2026 заради спроведување на интервју број 04-2925/17 од 12.03.2026 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04-2925/18 од 12.03.2026 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба пред основен граѓански суд Скопје во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување